Број 103 Април 2021

# S-WORK



*И **луѓето со попреченост** имаат потреба за секс*

*Искрено интервју со **сексуална работничка од Македонија***

***Only Fans**-нов облик на сексуална работа*

*Се одбележа **Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите лица***



# И луѓето со попреченост имаат потреба за секс. Сексуалните работници се тука да им помогнат!

Лицата со попреченост треба да имаат пристап до сексуални работници и сексуални услуги според Националната агенција за осигурување на лица со попреченост..

Разликата помеѓу сексуален терапевт и сексуален работник е во овозможувањето физички контакт. Додека сексуалниот терапевт е задолжен за вербална терапија, сексуалниот работник има значајна улога во овозможувањето сексуално задоволство.

Како и сите други, лицата со попреченост имаат сексуални потреби. Сексуалното изразување е основен дел од човековото битисување, а попреченоста не ја намалува сексуалната желба, ниту нивната потреба за блискост.

Децениски истражувања покажаат големи придобивки од сексот, кои вклучуваат подобрување на физичкото здравје, квалитетот на животот и психолошката благосостојба.

Луѓето со попреченост (без разлика дали се работи за физичка или ментална попреченост) може да се соочат со предизвици во постигнувањето сексуално задоволство. Професионалната сексуална терапија води кон сексуална едукација, воведување во сексот и советување на парови и лица со попреченост.

Сексуалните терапевти имаат професионални квалификации за здравствена заштита, психологија или советодавна психологија, со специјализирана обука за сексуална терапија. Третманот на лицата со попреченост генерално се фокусира на тоа како

да уживаат или како да продолжат со сексуални и интимни активности по повреда или инвалидитет и како да ги прилагодат своите сексуални активности во согласност со попреченоста на клиентот.

Но, советодавната терапија не може да им овозможи на овие лица да ги остварат своите сексуални потреби и желби. Затоа, тука треба да настапат сексуалните работници кои можат да помогнат пружајќи сексуална услуга на лице со попреченост или физички да асистираат на парови со попреченост да имаат секс.

За оние кои немаат потенцијални партнери или физички и/или интелектуален капацитет за сексуално изразување, пристапот до услугите на сексуални работници за задоволување на нивните сексуални потреби треба биде сосема легитимна опција.

Сексуалното изразување и интимноста се основни човечки потреби и треба да бидат подеднакво препознаени кај лицата со и без попреченост како битен аспект во подобрувањето на квалитетот на нивниот живот, а сексуалните работници се едни од клучните чинители кои треба да бидат вклучени во овој процес.






# Искрено интервју со сексуална работничка од Македонија - втор дел

Во првиот дел од интервјуто објавено во претходниот број на S-Work број 102, разговаравме со сексуална работничка од Македонија за причините за изборот на оваа професија, за нејзиното прво искуство како сексуална работничка, за сексуалните фантазии на клиентите. Во продолжение можете да го прочитате вториот дел од интервјуто каде со оваа млада и убава сексуална работничка разговаравме за други аспекти на сексуалната работа.



1. Како те третираат клиентите? Дали покажуваат почит кон тоа што го работиш, дали го почитуваат твоето „НЕ“ или пак често имаш непријатни ситуации со клиентите?

Мал е бројот на клиенти кои го осудуваат тоа што ние го работиме, бидејќи самите се корисници на услугите кои ги даваме. Сепак, иако многу клиенти тврдат дека ме почитуваат, не им верувам во целост и секогаш сум скептична дека се лицемерни во исказите. Во оваа професија за да стекнеш почит треба да им покажеш кој е главен и доминантен со цел да одбегнеш понижувачки и непријатни ситуации и да се почитуваат твоите граници. Во секој случај, се работи со најразлични карактери на луѓе и можат да настанат најразлични ситуации.

2. Кои се предностите, а кои се слабостите на твојата професија?

Предностите во сексуалната работа се тоа што заработувачката е брза, моето работно време го одредувам самата јас, имам повеќе време за останатите работи, повеќе слободно време за себе, паралелно можам да работам и друга регуларна работа и слично. Исто така предност е запознавањето со најразлични типови луѓе од ниска, но и од висока класа.

Кога станува збор за слабостите, најголема маана на оваа професија се потенцијалните клиенти со незгодни карактери кои сакаат да те омаловажуваат и да те третираат како најдолно суштество на планетата. Но, исто така огромна слабост на оваа професија е општествената стигма и јавното негативно мислење и осуда од поголемиот број луѓе.

3. Како би изгледала твојата професија доколку сексуалната работа би била декриминализирана во нашата земја?

Одлична професија и работа, накратко би бил одговорот. Би работела во безбедни услови, без страв, не би се срамела од својата професија и гордо би кажувала со што се занимавам. Веројатно би била и повеќе заштитена од полицијата и би била помалку деградирана кога би побарала помош од институциите.

4. Како невладиниот сектор ти помага да се избориш за твоите права како сексуален работник?

Невладиниот сектор ни е од голема помош на нас, сексуалните работнички. На најразличен начин ни помагаат преку информирање и обучување за тоа како да се заштитиме и бориме за нашите права, како да дејствуваме во одредени ситуации. Сметам дека борбата што се води е заедничка со граѓанскиот сектор и се надевам дека еден ден ќе успееме да се избориме за она што го заслужуваме.



# OnlyFans како нов облик на сексуална работа



Секој ден, стотици мажи ѝ плаќаат на Дани Харвуд да им ги оствари сексуалните фантазии преку Интернет. Понекогаш таа ја соблака својата облека. Понекогаш се облекува како медицинска сестра или доминаторка. Клиентот може да ѝ плати за да му помогне да постигне оргазам, иако таа не е сексуална работничка. Тој може да купи еротски видеа од неа, иако таа не е порно ѕвезда.

Г-ѓа Харвуд е една од девојките со најголема заработувачка на OnlyFans, каде претплатниците - претежно мажи; стрејт, геј или транс - им плаќаат на моделите или инфлуенсерите на социјалните мрежи надомест, помеѓу 5 и 20 американски долари месечно, за да гледаат слики кои не се „дозволени“ на Инстаграм. Со тој пристап, претплатниците исто така можат да упатуваат пораки и „совети“ за да добијат слики или видеа на нивно барање, во согласност со нивните сексуални желби.

OnlyFans им овозможува на креаторите да им наплатуваат на корисниците месечно или да плаќаат за преглед или пристап до содржината. Платформата OnlyFans стартуваше во 2016 година со намера да биде за сите видови креатори на содржина, но стана платформа со содржина за забава на возрасни. Аматери и професионалци се собраа на OnlyFans како безбедно

засолниште за заработувачка, со што станаа клучни двигатели на раниот раст на платформата.

Пандемијата со КОВИД-19 го забрза овој процес, бидејќи се повеќе креатори на еротски содржини гледааат на OnlyFans како извор на приход за време на рекордните стапки на невработеност поради пандемијата. Помеѓу март и април минатата година, OnlyFans постигна скок од 75% во регистрациите на нови корисници и креатори. До денес, OnlyFans има повеќе од 120 милиони корисници и 1 милион креатори кои вкупно заработиле повеќе од 3 милијарди долари.

За многу сексуални работнички нивните работни места за време на пандемијата се чинеа многу опасни. Средбите со клиентите претставуваа потенцијална опасност за инфицирање со вирусот. Затоа, многу од нив се свртеа кон оваа дигитална платформа. Теоретски, секој може да користи OnlyFans, но доколку сте сексуален работник/-чка оваа платформа е одлична шанса за заработувачка, без губење премногу време.









# Се одбележа Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите лица

На 31-ви март, како и секоја година, на глобално ниво се одбележа Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите лица.

**Како се започна?**

Денот на видливоста на трансродовите лица започна да се одбележува во 2009 година од Рејчел Крандал, трансродова активистка од Мичиген. Започна како ден на свесност за славење на успесите на трансродовите и родово неусогласените луѓе и е важен ден за целата ЛГБТ заедница.

Додека Трансродовиот ден на сеќавање се одржува секоја година на 20-ти ноември, за да се споменат трансродовите луѓе кои ги загубија своите животи како резултат на трансродовото базирано насилство, 31-ви март е ден посветен на чест и зајакнување на животот на трансродовите и небинарните луѓе.

**Важноста на трансродовата видливост**

Овој ден ја потенцира важноста на трансродовата застапеност ширум светот, особено затоа што трансродовите и родово неусогласените луѓе секојдневно се соочуваат со ризици. Според неодамнешната анкета на Галуп, 11,3 проценти од ЛГБТ луѓето се идентификуваат како трансродови, но кога станува збор за застапеност во медиумите,трансродовите луѓе се многу малку застапени.

Видливоста за трансродовите луѓе е премногу важна. Таа ги инспирира трансродовите луѓе и им дава надеж и сила да бидат она што навистина се. Зголемувањето на видливоста на трансродовите луѓе им дава храброст јавно да ја изразат својата транссексуалност или небинарност.

Видливоста ги менува и ставовите на општеството и придонесува во дестигматизирањето на трансродовите идентитети.

По повод  овој значаен ден на трансродовата заедница, партнерите на СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот, ТрансФормА - иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија, го одбележа денот со промотивен материјал кој имаше за цел да ја подигне свеста и да ја зголеми видливоста за постоењето на овие маргинализирани групи луѓе во нашето општество. Беше изготвен Прирачник  за ментално здравје кај трансродовите луѓе кој опфаќа клучни сегменти поврзани со најчестите проблеми со менталното здравје со кои се соочува оваа заедница, како да се справат со нив, каде да се обратат, што претставува психотерапија и каков е нејзиниот пристап. Прирачникот исто така упатува и на начинот на транзиција и ги дефинира точните чекори низ процесот. Од ТрансФормА исто така преку социјалните мрежи испратија пораки дека постојат, живеат и се дел од ова општество, а своите ставови и заложби ги изразија и преку видео порака.

# И родовиот идентитет е важен!

И родовиот идентитет е важен!

Транс жена:

Сакам да живеам достоен живот и да бидам рамноправна. И транс жената е жена.

Транс маж:

Сакам да живеам како секој друг маж. Сакам да ги користам здравствените услуги без да бидам испрашуван и омаловажуван за состојба што не сум ја одбрал. Сакам да се едуцирам без да бидам дискриминиран. Сакам легално да сменам пол и матичен број за да можам да бидам вработен. Сакам да живеам во сопствената држава без истата да ме потсеќа секојдневно дека не сака да сум нејзин. Сакам да бидам како секој нормален човек. Ништо повеќе.

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.